***<u>ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

***<u>за период од 2021-2023</u>***

# ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ“-СКОПЈЕ

**Период:** **2021-22 /2022-23 година**

**Вид на училиштето:** **Општинско основно училиште**

**Основач на училиштето:** **Општина Кисела Вода**

**Наставен јазик:** **македонски јазик**

**Претседател на Училишен одбор:** **Анета Васиљевиќ -Шикалеска**

**Директор на училиштето:** **Мартин Мартиновски**

**Адреса на училиштето:** **ул.Доситеј Обрадовиќ бр.18**

**Телефон:** **02/2770-719**

**e – mail:** ou-partenijazografski-kiselavoda@schools.mk

**web:** https://ooupartenijazografski.edu.mk/

**Јуни 2023 год.**

## ***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

## ***за период од 2021-2023***

Врз основа на член 129 и член 130 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 г.) директорот на ООУ„Партенија Зографски“ ја донесе одлуката за формирање на комисија за самоевалуација за периодот од 2021 до 2023 година. Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ„Партенија Зографски“ за периодот од 2021 до 2023 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето.

За секое подрачје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе анкета со наставниците, учениците и родителите.

При извршената анализа на сите седум подрачја на Самоевалуацијата за периодот 2021-2023 година, Комисијата изготви извештај.

При изготвување на Самоевалуцијата за 2021-2023 покрај Законот за Основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ, беа користени и други документи кои можат да помогнат и да бидат извор на податоци за процесот на Самоевалуација на училиштето. Истите се дадени во анализите на секое подрачје поединечно.

Целта на Самоевалуцијата е со конкретни анализи и осврт на сите области од работењето на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слабите страни за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Секако воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни и индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето.

На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонНаставните активности.

Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на бројот на слабите страни, и одржување

***<u>ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

***<u>за период од 2021-2023</u>***

на јаките страни согласно предизвиците и трендовите во воспитно-образовниот процес.

**Според целосно извршената самоевалуација комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето по следните подрачја:**

Подрачје 1: Наставни планови и програми

Подрачје 2: Постигања на учениците

Подрачје 3: Учење и настава

Подрачје 4: Поддршка на учениците

Подрачје 5: Училишна клима

Подрачје 6: Ресурси

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

Според анализите од спроведената Самоевалуација за периодот 2021-2023 година комисијата резултатите со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа ги доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Предлог мерките училишниот одбор и директорот ги земаат во предвид при изработка на годишната програма за работа на училиштето и развојната програма на училиштето.

# ***<u>ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

## ***<u>за период од  2021-2023</u>***

### Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**<u>Индикатори</u>**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

**1.2. Квалитет на  наставните планови и програми**

**1.3. Воннаставни активности**

**Клучни јаки страни**

1. Голем дел на наставници им е овозможено присуство на интерни и екстерни семинари,вебинари, обуки, работилници.
2. Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на методите, формите и техниките при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма.
3. Поддршка од страна на директорот за осовременување на наставата- обезбедување на современи потребни наставни средства и помагала.
4. Содржините од наставните програми, изготвени од Бирото за развој на образованието,  се реализираат во целост.
5. За реализација на наставните програми наставниците изготвуваат глобални годишни  и тематски планирања.
6. Наставниот материјал се прилагодува кон потребите на учениците.
7. Изборот на изборните наставни предмети  е според интересот на учениците.
8. Учениците редовно учествуваат на натпревари (општински, регионални, државни, меѓународни )
9. Планираните активности,  анкета за изборни предмети  навремено се спроведуваати документираат.
10. Секциите успешно функционираат со што се издигнува: научната, општествената, мултикултурната и здравствената свест на учениците.
11. Редовно реализирање на дополнителна и додатна настава и воннаставни активности.
12. Во училиштето нема нарушување на родовата и етничката рамноправност во наставните планови и програми

# ***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

## ***за период од 2021-2023***

**Слаби страни**

1. Известување на родителите за содржините и целите на наставните планови и програми
2. Има потреба од реализирање на дополнителни часови по одредени наставни предмети
3. Поголема вклученост на учениците во изготвувањето на програмите за работа на вонаставните активности

**Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може дабидат вклучени во планот за развој на училиштето***

1. Да се превземат активности за прилагодување кон наставните програми.
2. Да се унифицираат планирањата на наставниците.
3. Да се подобри квалитетот на вонраставните активности преку вклучување во различнипроекти со вклучување на поголем на број на наставници и ученици

***<u>ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

***<u>за период од  2021-2023</u>***

**Подрачје 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**<u>Индикатори</u>**

**2.1 Постигања на учениците**

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

**4.4 Следење на напредокот**

**5.2 Промовирање на посигањата**

**Клучни јаки страни**

1. Училиштето располага со податоци за постигања на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети.
2. Училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците.
3. Во училиштето се реализира додатна и дополнителна настава и за нејзиното организирање навремено се информират родителите
4. Во наставните содржини се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето

5. Соработува со родителите и навремено ги известува родителите за постигањата и поведението на нивните деца
6. Училиштето оценувањето го врши според критериуми и стандарди пропишани од БРО.
7. Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби

8. Редовно се прави анализа на успехот/постигањата на учениците во текот на учебната година

9. Во училиштето се пофалуваат ученици за своите постигнувања на крајот на секое тримесечие, полугодие и крај на учебната година.

10. Постигнувањата на учениците се следат континуирано преку активна настава и организирање проекти.

11. Учениците имаат можност да учествуваат во училишни (наставни) и вonнаставни активности.

12.Талентираните и надарените ученици учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари на кои постигнуваат високи резултати.

**Слаби страни**

1. Кабинети за изведување на практична настава за дел од наставните предмети со соодветни алатки и опрема за нејзино функционално и продуктивно одвивање.

**Идни активности**

Опремување и оспособување на училниците со нагледни средства за практична настава (во тек) и современо, ефективно реализирање на воспитно-образовниот процес, со цел развивање и едуцирање на здрави индивидуи кои стекнуваат квалитетни трајни знаења и навики за доживотно учење.

***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

***за период од 2021-2023***

## Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Индикатори**

**3.1 Планирања на наставниците**

**3.2. Наставен процес**

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

**3.5 Оценувањето, како дел од наставата**

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

## ***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

## ***за период од 2021-2023***

**Клучни јаки страни**

1. Во наставата се користат различни наставни методи и форми на работа и тоа придонесува за разновидност на часовите, а со тоа и поголема заинтересираност на учениците.
2. Во изработка на годишните и тематските планирања на наставниците постои меѓусебна соработка и разменување искуства и информации.
3. Во работата на училиштето е вклучен и советот на родители кој со своите предлози допринесува за поуспешна работа на училиштето.
4. Учениците и нивните родители редовно се известуваат за напредокот преку класните раководители, редовните родителски средби и предметните наставници.
5. Односите наставник-ученик и наставник-родител се на високо ниво.

**Слаби страни**

1. Недоволна вклученост на наставниците и учениците во надворешни проекти.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може дабидат вклучени во планот за развој на училиштето**

1. Да се стави поголем акцент на работата со надарените и талентираните деца.
2. Да се подобри следењето на реализацијата на дополнителната и додатна настава.
3. Вклучување на наставниот кадар во различни надворешни проекти.

***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

***за период од 2021-2023***

## Подрачје 4 ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Индикатори**

**4.1. Севкупна грижа за учениците**

**4.2. Здравје**

**4.3. Советодавна помош на учениците**

**4.4. Следење на напредокот**

***<u>ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

***<u>за период од 2021-2023</u>***

**Клучни јаки страни**

1. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава
2. Училиштето има соработка со локалната заедница на безбедносен план
3. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на ученици при несреќен случај
4. Вработените се обучени за евакуација во случај на елементарни непогоди (земјотрес, пожар) и обучени предавачи за заштита од пожар
5. Во училиштето се води кампања за здрава храна
6. На ниво на училиште се организираат хуманитарни собирни акции во ( храна , облека, парични средства)
7. Хигиената во училиштето е на високо ниво
8. Дворот во училиштето е чист од секаков вид отпадоци, со зелени површини и садници од дрвја и цвеќиња кои редовно се одржуваат и обновуваат
9. Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците
10. Континуирано следење на напредокот на учениците
11. Наставниците вршат идентификација на ученици со потешкотии или проблеми во совладување на наставните содржини
12. Родителите навремено се информирани за успехот и поведението на учениците
13. Наставниците успешно им помагаат на учениците во изборот на нивното понатамошно образование
14. Високо развиена соработка меѓу родителите, учениците, наставниот кадар и стручната служба
15. Достапност на информации на учениците за професионална ориентација
16. Навремено справување со конфликти и секаква форма на насилно однесување
17. Наградување на талентирани ученици кои постигнуваат успех на натпревари
18. Целосно почитување на законската регулатива при запишувањето и отпишувањето на учениците во училиштето со водење на уредна документација и давање писмена согласност

***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

***за период од 2021-2023***

**Слаби страни:**

1. Санитарниот јазол во приземјето не училиштето не е на задоволително ниво, и нема адаптиран тоалет за лица со инвалидитет
2. Нема поставена сообраќајна сигнализација пред училиштето

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачјекои може да бидат вклучени во планотза развој на училиштето**

1. Реконструкција на санитарниот јазол во приземјето и адаптација на тоалет за лица со инвалидитет
2. Поставување на сообраќајна сигнализација пред училиштето
3. Изградба на паркинг простор

***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

***за период од 2021-2023***

## Подрачје 5 УЧИЛИШНА КЛИМА

**Индикатори**

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2 Промовирање на постигањата**

**5.3 Еднаквост и правичност**

**5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

**Јаки страни :**

1. Родителите редовно се информираат за постигнувањата на учениците;
2. Училиштето е отворено за соработка со родителите
3. На крајот од основното образование се реализира промоција на постигнувањата на учениците од деветто одделение
4. кои конкурираат на огласот за избор на Првенец на генерација;
5. Во училиштето постои соработка и тимска работа;
6. Во училиштето транспарентна е работата на раководниот орган;
7. Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успех на учениците
8. Вклученост на учениците во донесувањето одлуки и решавање проблеми преку ученички парламент
9. Наставниците водат грижа за психо-физичката состојба на учениците
10. Изгледот на училиштето е поттикнувачки за учење.
11. Учество на ученици на јавни настапи.
12. Учество на учениците на голем број натпревари и добиени награди од натпревари;

***<u>ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

***<u>за период од 2021-2023</u>***

13. Постои отворена соработка со локалната средина.

**Слаби страни:**

1. Да се подобри комуникацијата и соработката помеѓу вработените во училиштето,
2. Да се зајакне меѓусебната почит меѓу наставниците, учениците и родителите

**Идни активности:**

1. Реализирање на заеднички проекти - интерни и екстерни,
2. Почеста комуникација на ниво на активи;
3. Реализација на обуки за професионално усовршување ;
4. Манифестации, прослави, учество во општествено - корисна работа

***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

***за период од 2021-2023***

**Подрачје 6 РЕСУРСИ**

**Индикатори**

6.1 Сместување и просторни капацитети

6.2 Наставни средства и материјали

6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

6.5 Финансиско работење во училиштето

## ***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

## ***за период од 2021-2023***

**Клучни јаки страни**

1. Импресивна информатичка технологија која ги задоволува потребите за активно реализирање на наставниот процес .
2. Целосна покриеност на училиштето со интернет .
3. Соодветни опремени училници , хигиенски одржливи .
4. Добра опременост на нагледни сретства и помагала на кабинетите .
5. Секој наставник добива поддршка при реализација на редовната, дополнителната и додатната настава, отворени часови и вон наставни активности .
6. Стручната служба е отворена за соработка.
7. Финансиското работење на училиштето е на задоволително ниво , постои транспарентност за сите финансиски проекти од страна на директорот.

**Слаби страни**

1. Фискултурната сала се реновира, па наставата по физичко и здравствено образование се реализира на помошните надворешни терени ( проблемот е во зимските месеци).
2. Недоволна осветленост и вентилација на подрумските простории.
3. Одвоен тоалет за наставниот кадар од тоалетот за ученици.
4. Библиотечниот фонд да ги следи промените во образовниот процес .
5. Потребно е на наставниците да им се овозможи редовно стручно усовршување .
6. Учениците да имаат поголем пристап до интернет.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачјекои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

1. Набавка на книжен фонд ,стручна литература, книги и енциклопедии за библиотекакои ќе ги следи потребите на наставниот процес, за да биде во чекор со современото постоење
2. Соодветни просторни услови за реализирање на предметот физичко и здраственообразование
3. Изградба на посебен тоалет за наставниот кадар .

4. Распоред на идни семинари и обуки со што наставничкиот и стручен кадар на време ќе ги планира своите обуки и досоувршувања.

## ПОДРАЧЈЕ 7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

**<u>Индикатори</u>**

7.1 Управување и раководење со училиштето

7.2. Процедури за креирање училишна политика

**Јаки страни:**

1. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Неговите надлежности се јасно дефинирани со ЗОО, Статутот на училиштето и Деловникот за работа на УО.
2. Вработените навремено се информирани за донесените одлуки во училиштето.
3. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.
4. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето.
5. Раководниот тим креира политика која ги задоволува воспитно-образовните потреби на училиштето.
6. Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето. Се фокусира на приоритетите

идентификувани во развојното планирање, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.

7. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
8. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.
9. Комуникацијата на релација директор-наставници-стручни соработници-ученици-родители е на високо ниво.
10. Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика, јасни и прецизни се и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.
11. Постојат добри меѓучовечки односи, што придонесува за подобар успех во воспитно-образовниот процес.
12. Евентуалните проблеми со учениците ги решава раководниот тим, заедно со стручните соработници и наставниот кадар.
13. Сите органи и тела во училиштето се добро координирани, што дава и добри резултати.
14. Училиштето се вклучува во разни едукативни проекти и кадарот редовно стручно се усовршува.
15. Училиштето посетува разни семинари поддржани од МОН, БРО и др. и организира интерни семинари.
16. Воспоставени се критериуми и инструменти за вреднување и наградување на наставниците.

**Слаби страни**

1. Континуирано унапредување на интерактивниот приод за поддршка на реализација на развојни цели со општествената средина
2. Зголемување на вклученоста на родителите и учениците во градењето на училишните политики
3. Воведување кабинетска настава за дел од наставните предмети за осовременување на воспитно - образовниот процес

**Идни активности**

1. Во тек е реконструкција на фискултурната сала во училиштето, истата да се опреми со спортски реквизити за ефикасно и правилно изведување на наставата по физичко и здравствено образование, со што ќе се допринесе за правилен психофизички развој научениците.

***<u>ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

***<u>за период од 2021-2023</u>***

Комисија за самоевалуација

1. Марина Г-Крстевски-стручен соработник-педагог ______________________________
2. Јасмина Дечков -стручен соработник-психолог ______________________________
3. Јасмина Стефаноска- одделенски наставник ______________________________
4. Марија Николовска- предметен наставник ______________________________
5. Татјана Пешиќ Николовски -родител ______________________________

## ***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

## ***за период од 2021-2023***

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

за период од 2021-2023

Комисија за самоевалуација

1.Марина Г-Крстевски-стручен соработник-педагог ______________

2. Јасмина Дечков -стручен соработник-психолог ______________

3. Јасмина Стефаноска- одделенски наставник ______________

4. Марија Николовска- предметен наставник ______________

5. Татјана Пешиќ Николовски –родител ______________

***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО***

***за период од 2021-2023***

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

**за период од 2021-2023**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ"
Бр 01-284/2
30.06. 2023 год.
КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

# ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ"-СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **Период:** | **2021-22 /2022-23 година** |
| **Вид на училиштето:** | **Општинско основно училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Кисела Вода** |
| **Наставен јазик:** | **македонски јазик** |
| **Претседател на Училишен одбор:** | **Анета Васиљевиќ -Шикалеска** |
| **Директор на училиштето:** | **Мартин Мартиновски** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул.Доситеј Обрадовиќ бр.18** |
| **Телефон:** | **02/2770-719** |
| **e – mail:** | ou-partenijazografski-kiselavoda@schools.mk |
| **web:** | https://ooupartenijazografski.edu.mk/ |

**Јуни 2023 год.**